


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## МАЈ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Светската економија се соочи со зголемена волатилност во текот на мај и со забавен раст. Сепак, изминатиот месец донесе умерен оптимизам на глобалните финансиски пазари, и покрај геополитичките тензии и трговската несигурност – особено меѓу САД и Кина. Глобалниот индекс MSCI ACWI порасна за 5,51%. Раст оствари и сите прикажани регионални индекси. Американскиот индекс S&P 500 предводеше со високи 6,15%, а веднаш по него останатите индекси MSCI Emerging Market, STOXX 600 и MSCI Asia – Pacific кои исто така покажаа солидни приноси, движејќи се околу 4,00% до 4,54%. Следејќи од почетокот на годината, европскиот индекс STOXX 600 бележи највисок принос од 8,09%, а потоа следат MSCI Emerging Market со 7,61% и MSCI Asia – Pacific со 7,52%. Спротивно на нив, S&P 500, и покрај силниот перформанс во мај, има значително понизок принос од почетокот на годината од само 0,51%.




Мај

Јан - Мај

MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 оствари раст изминатиот месец кој изнесуваше 2,81% и повисока вредност од почетокот на годината за 4,59%. Од компаниите кои се дел од структурата на индексот, најголем принос остварија акциите на Стопанска банка АД Скопје изнесувајќи 12,28%, кој главно се должи на објавата за исплата на дивиденда. Веднаш следи Макпетрол со месечен раст од 12,26% и најголем раст од почеток на годината со 28,25%. На негативната страна беше Македонијатурист со пад од 12,96% во текот на месецот. Од почетокот на годината, најслаб перформанс има ТТК Банка со пад од 10,26%.




● Мај
● Јан - Мај

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Во мај, приносите на меѓународните обврзници останаа на високо ниво поради очекувања за подолготрајно високи каматни стапки, зголемена инфлација, раст на државните дефицити и геополитички тензии. Централните банки беа повнимателни со намалувањата на стапките, што некаде дополнително ги подигна приносите. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,65%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,27%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, најголемото зајакнување во однос на еврото (EUR) од почетокот на годината е забележано кај руската рубља (RUB) со импресивни 34,12%, која во мај, исто така бележи раст за 5,56%. Спротивно на тоа, американскиот долар (USD), кинескиот јуан (CNY) и австралискиот долар (AUD) покажаа значително надолно движење од почетокот на годината, со –8,76%, –7,62% и –5,15%, соодветно. Британската фунта (GBP) исто така ослабна за –1,86% од почетокот на годината, иако покажа благо зајакнување од 0,81% во мај. Швајцарскиот франк (CHF) и јапонскиот јен (JPY) се задржаа релативно стабилни во текот на годината.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk